**РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**
Поштенски фах број 477
1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: 070 217 556
www.z37rsm.org.mk
e-mail: radioamaterskisojuz@gmail.com

**RADIOAMATEUR SOCIETY OF MACEDONIA**
Post Office Box 477
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 70 217 556
www.z37rsm.org.mk
e-mail: radioamaterskisojuz@gmail.com

Извршниот одбор на Радиоаматерскиот Сојуз на Македонија, а врз основ на чл.19 ст.9 ал.3 од Статутот на сојузот, на својата седница одржана на 30.11.2023г., ја донесе следната:

# О Д Л У К А

- за организација на QSL служба и начинот на работење и постапување со хартиени QSL картички

во Z3 QSL бирото при РСМ –

## I. – ОПШТИ ОДРЕДБИ:

**1.**- Правото на користење на QSL биро на РСМ за испраќање и прием на хартиени QSL картички, го имаат членовите на РСМ со уредно подмирена членарина за тековната година.

**2.**-Радиоаматерите и радиоаматерските здруженија кои **не се членови или членки** на РСМ, можат да ги користат услугите на бирото, доколку уплатат паричен надомест за користење на QSL бирото. Надоместот за користење на услугите на QSL бирото е во висина на годишната членарина како и за членовите на РСМ, а се уплаќа во корист на трансакциската сметка на РСМ што се води во Комерцијална банка АД - Скопје бр. 300000000192678, со наведена цел на дознака: „За користење на QSL биро", со што, уплатувачот се стекнува со потполно истите права за користење на услугите на QSL бирото, како и членовите на РСМ.

**3.**- Заинтересираните корисници на QSL бирото од точка 1 и 2 должни се да се пријават кај Z3 QSL биро менаџерот и да му достават нивна точна адреса за прием на QSL картичките, како и други контакт детали за комуникација (нивни: ел. пошта / тел.бр.).

**4.**-Целокупната работа околу приемот и испраќање на хартиени QSL картички се реализира со доброволен и бесплатен анагжман на членовите на РСМ. Трошоците што и покрај тоа, ќе настанат при достава на QSL картичките од бирото до DARC, од поштенскиот фах на РСМ до бирото, за печатење и испраќање на QSL картички со специјални знаци за активностите во организација на РСМ, како одговор на примени хартиени QSL картички од радио-аматерите од светот и сл. ќе бидат на товар на сметката на РСМ.

## II– ПОСТАПКА СО ПРИМЕНИ QSL КАРТИЧКИ ВО БИРОТО:

**1.** QSL бирото ги известува радиоаматерите и радиоаматерските здруженија за ново пристигнати QSL картички во бирото и тоа: телефонски или преку нивна ел. пошта, односно преку едно од електронските гласила - web страницата на РСМ или фејсбук групата на РСМ, со истакнување на соодветен список, со наведени: датум на објавување, лице за контакт во бирото и негов телефонски бр. , односно негова ел.пошта , по што истите должни се во рок од 30 дена од датумот на објавување на известувањето, да стапат во контакт со бирото околу нивното изјаснување за начинот на прием на QSL картичките.

**2.** Доставата на QSL картичките до примачите ќе се врши според усмен договор со нив, преку пошта или карго, еднаш или два пати годишно во зависност од нивното пристигнување во бирото, а истите може лично и непосредно да се подигнат од бирото, или преку посредник - лице кое ќе го определат радиоаматерите или радиоаматерските здруженија. Евенуалните трошоци што би настанале за достава на картичките од QSL бирото до корисникот се на негов товар и сметка.

**3.** QSL картичките наменети за радиоаматерите или радиоаматерските здруженија кои нема да стапат во контакт со QSL бирото во определениот рок од II - т.1 од оваа одлука, ќе бидат вратени на испраќачот или уништени.

## III – ПОСТАПКАЗА ИСПРАЌАЊЕ QSL КАРТИЧКИ ПРЕКУ БИРОТО:

**1.**Испраќачот е должен своите QSL картички претходно да ги: групира, прикладно спакува и јасно да ги обележи СПОРЕД ДРЖАВИ(DXCC земји), пред да пристапи кон нивно доставување до бирото.

**2.**Збирен транспорт за испраќање на QSL картичките во странство (според склучениот писмен договор помеѓу РСМ и DARC), ќе се врши еднаш или два пати годишно. За таа цел сите корисници на услугите на бирото ќе бидат навремено известени на начин како во II-т.1 од оваа Одлука, заради соодветна подготвка на своите картички, а заради целисходност, пожелно е да се организира собирање и испраќање на картички до бирото од испраќачи од

секој град, или пак на начин што им одговара на испраќачите според нивните прилики. Трошоците за испраќање на картичките од испраќачот до бирото се на товар на испраќачот.

**IV –ПОТВРДА НА РАДИОАМАТЕРСКИ ВРСКИ СО СПЕЦИЈАЛНИ ПОВИКУВАЧКИ ЗНАЦИ**

**1.-** Радиоаматерските врски што ќе се направат со користење на специјални повикувачки знаци, во активностите во организација на РСМ, ќе се потврдуваат во достапните електронски сервиси за таа намена: LoTW, e-QSL, QRZ com, и сл., со секојдневно испраќање на дневници, во предвиден формат, за време на траење на активноста.

**2.-** За реализација на предвиденото во т. 1, РСМ ќе отвори трајни налози кај тие сервиси за знакот Z37RSM што ќе ја поедностави регистрацијата на времени специјални повикувачки знаци и ажурирање на дневниците за одржани радиоаматерски врски.

**3.-** Доколку и покрај потврдата на радиоаматерските врски со специјални повикувчки знаци, некој од аматерите од светот прати своја хартиена QSL картичка и побара потврда на врската на ист начин, QSL менаџерот ќе организира печатење на потребниот број на картички за тие специјални повикувачки знаци и ќе ги прати како одговор на барателите.

**V – ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ**

**1.-** Одлуката стапува на сила со нејзиното донесување.

**2.-** Со оваа одлука се врши замена на Одлуката за начинот на работење и постапување со хартиени QSL картички во Z3 QSL биро при РСМ, донесена од ИО на РСМ на 16.06.2023.

**3.-** Одлуката и списокот на радио-аматерите со право на користење на QSL бирото да се објави на Веб страната на РСМ и ФБ страната Радиоаматерски сојуз на Македонија.

Во Скопје на 30.11.2023год

Радиоаматерски сојуз на Македонија
Ѓоко Ѓорѓевиќ – Z35U, Претседател

РАДИОАМАТЕРСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РСМ